# МАТЕРИЈАЛИ

Далибор ЈОВАНОВСКИ

## ЕДЕН БРИТАНСКИ ДОКУМЕНТ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО ВО МАКЕДОНИЈА ОД 1897 ГОДИНА

Настаните поврзани со Источната криза (1875-1881), Српско-бугарската војна во 1885 година, издавањето на бератите на егзархиските митрополити во Македонија во текот на 90-тите години на XIX век, Грчко-турската војна во 1897 година придонеселе за зголемување на интересот на големите сили за етничкиот состав на населението во османлиската држава, а со тоа и во Македонија. Во таа насока, често од страна на нивни дипломати, научни работници и други заинтересирани луѓе биле изработувани разни меморандуми, карти и студии каде се давани податоци за составот на населението, но кои најчесто биле далеку од реалните состојби на теренот. Многу често дадените податоци во нивните прилози биле изготвени врз основа на информации добиени од страна на локалните жители коишто биле поврзани со разните пропаганди кои сакале со помош на неточни податоци да ги зацврстат своите позиции. Треба да се истакне дека голем проблем при давањето реални и точни податоци за народносната припадност на населението, во овој случај во Македонија, бил и недостигот од официјални статистички податоци во осмалиската држава, а и востановената практика на султановата власт припадноста на населението да се одредува според верата, а не според народносното потекло. Сепак, имало и личности што подолго време живееле и истражувале во османлиската територија и кои врз основа на своите сознанија стекнати на теренот објавиле разни публикации за многу актуелни прашања од тоа време, вклучувајќи го и прашањето за народносниот состав на населението. Иако не се секогаш објективни, нивните сознанија се сепак интересни за рагледување. Таков е и меморандумот од 1897 година за составот на населението во Македонија изготвен од британскиот дипломат Ц. Н. Е. Елиот, кој во текот на деведесеттите години на XIX век престојувал во османлиската држава, при што вршел разни истражувања, меѓу кои и за составот на населението.

Во својот меморандум Елиот се осврнува на неможноста да се добијат валидни статистички податоци за населението во Македонија. Од посебен интерес за нас е неговото мислење за словенското население во Македонија кое, според него, говорело дијалекти што не биле ниту бугарски ниту српски. Тој, исто така, доста реално ги отсликува и обидите на пропагандите на соседните држави да го засилат своето влијание во Македонија. Во делот од меморандумот кај што се говори за грчкото влијание во Македонија, Елиот ги објаснува причините зошто еден дел од населението, посебно побогатиот слој, во минатото декларирал дека им припаѓал на етничките Грци. Во таа насока, Елиот дава податоци и за македонските Власи кои, според него, се

важен фактор во Македонија, особено за грчките интереси. Тоа што може посебно да се истакне е повикувањето на Елиот на мислењето на одредени руски научни кругови дека во Македонија немало ниту Срби ниту Бугари туку само Словени, кои заедно со другите народносни групи се доволно хомогени за создавање на една „привилегирана провинција на Македонците“. Овој документ го донесуваме во целост:

Константинопол, 11 мај 1897

Мој лорде,

Имав чест да го добијам извештајот придружен со карта, која е изработена во одделот за разузнавање, за населението на балканските држави, кој ја придружува Вашата телеграма бр. 124 од 4 мај.

Господинот Елиот, кој изготви специјална студија за ова прашање, ми даде еден меморандум, чија копија ја приложувам, којшто содржи некои интересни поединости за жителите на Македонија.

Се осмелувам да Ви предложам копијата на овој документ да биде испратена до разузнавачкиот оддел.

Имам...,<br>
Филип Кари

## МЕМОРАНДУМ

Тешкотијата за добивање некакви веродостојни статистички податоци коишто се однесуваат на различните поделби на населението во Македонија, најмногу се должи на фактот дека составните елементи на населението не можат да бидат раздвоени според критериумите што се користат во други држави. Областа е несомнено населена со Турци, Албанци, Грци, Бугари, Срби и Власи (не ги споменувам помалите племиња), но иако е лесно да се најдат типични примери од секоја класа, сепак, не е лесно да се препознаат според расата или јазикот. Албанците, иако помешани со Грците на југот и со Турците во други делови, доволно се различни како раса, но во центарот и на западот на полуостровот има големо измешано население за кое е тешко да се каже дали по крв се Бугари, Срби, Грци или Власи. Податоците за јазикот, исто така, можат да заведат. Прво, поголемиот дел од населението е билингвално: албанско и грчко, албанско и влашко, влашко и грчко, бугарско и грчко се најчестите заеднички комбинации. Второ, во случајот на словенските јазици, тешко е да се одреди дали дијалектот е бугарски или српски. Ниту јазикот од Белград ниту, пак, оној од Софија им е познат на необразованите селани во Македонија кои говорат големо мноштво дијалекти, нешто помеѓу бугарскиот и српскиот, и понекогаш претставуваат феномен што не се појавува во ниту еден од тие јазици.

Факт е дека националното име во Македонија – особено грчкото, бугарското, српското и влашкото – не ги означува расите туку јазиците. Човеко-

вата национална определеност се чини дека е резултат на неговото убедување и принципи и истата може да биде променета како и религијата. Извонреден пример за ова има со сегашните обиди во Битолскиот и Солунскиот вилает за проширување на српската „пропаганда“, како што таа прикладно се нарекува. Српското пратеништво признава дека источно од Скопје и Битола нема Срби, но вели дека Србија има потреба од излез на Егејот и затоа тие имаат намера да отворат училишта во регионот и да создадат население што ќе зборува српски од вилаетот Косово па непрекинато сè до морето. Слично како и ова, се сеќавам, за време на моето патување од Кавала до Дедеагач во 1894 година, од страна на грчкиот владика од Гумурџина ми беше кажано дека сè до таа година тешко можело да се најде некој друг меѓу христијаните освен Грци, но по доаѓањето на двајца бугарски свештеници, цели села наеднаш се декларирале како бугарски.

Можно е дека неодамнешниот пораз на Грците од Турција ќе има значителен ефект врз пописот во Македонија, ако таков биде направен. Досега, иако многу Бугари се издвоија од грчкиот „милет“ (турско име за заедницата на грчката раја), името Хелен секогаш се сметало за нешто различно и луѓето со претензии за цивилизираност и рафинираност повеќе сакале да се декларираат како Грци отколку како Албанци, Власи или Бугари. Последните настани, меѓутоа, му нанесоа сериозен удар на грчкиот престиж и можат да ги засилат словенската и другите негрчки партии во Турција. Резултатот најверојатно ќе биде изненадувачки пораст на бројот на Бугарите, Србите и други, односно намалување на бројот на Грците.

Од оваа точка на гледање влашкиот елемент е од голема важност и веднаш паѓа во очи дека тој не е одбележан на картата на разузнавачкиот оддел, испратена до лордот Солзбери бр. 124 на 9 мај. Многу тешко е да се обезбедат прецизни податоци за овие луѓе од повеќе причини. Нивните села, генерално, ги градат на високи и оддалечени планини, со цел да не бидат видливи од околните места; нивните мажи, кои најчесто се кираџии или торбари, отсутни се од нивните домови преку лето и тие не само што го говорат грчкиот исто како нивен јазик туку се докажале како многу посветени приврзаници на хеленската идеја.

Многу училишта, простории за собири и други јавни објекти во Грција и во Турција се изградени од Власи, од нив голем дел се богати трговци.

Романскиот автор Јоан Ненитеску објави монографија за оваа раса („De la Romãnu din Turcia Europeana – studii etnic si statistic asupra armãnilor“, Bucharest, 1895) во која тој ги пресметува Власите од 960 000 до 1 000 000 души. Несомнено, тоа е претерана проценка, но и да се една половина или дури и една третина, Власите можат да бидат важен фактор во Македонија.

Извештајот на господинот Шипли, приложен во телеграмата на сер П. Кари. бр. 412 од 7 септември 1894, дава некои податоци за Власите како политичка партија и тука има податоци и за нивниот лидер Апостол Маргарит, а прашањето е, исто така, третирано и во статијата „La Macedoine“ од Виктор Берар, објавена во „Revue de Paris“.

Како нешто што е значајно, би можел да го спомнам погледот на руските писатели, поддржан до извесен обем од овдешната руска амбасада; имено, дека во Македонија нема Бугари или Срби туку само Словени и дека населе-

нието, исклучувајќи ги Албанците, доволно е хомогено за практични цели за да биде можно да се создаде привилегирана провинција на Македонците во која разликите на расите не би биле видливи. Многу може да се каже во овој поглед а примерот на Бугарија го докажува тоа. Судирот на расите во Кнежевството не предизвика некои сериозни политички тешкотии и сѐ уште неговата територија вклучува големи и компактни населби на Грци, Романци и Турци.

(FO 78/4801)